Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar më: 18.02.2026
Орг. Единица / Njësia Org.: 13 | Број / Numër: 1223 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlera:

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE ME UJË DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 12 - 145/2
09. 02 2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 54 став (1) точка 2. потточка 2.18 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 09 февруари 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за одобрување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО - Скопје за 2025 година

1. Со ова решение се одобрува Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО - Скопје за 2025 година доставен од службеникот за усогласеност.

2. Годишниот извештај од точка 1 на ова решение службеникот за усогласеност да го објави на веб страницата на АД МЕПСО - Скопје во рок од 30 дена од денот на донесувањето на ова решение.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 136 став (8) точка 1. од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), службеникот за усогласеност на операторот на електропреносниот систем, Оператор на електропреносен систем, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: АД МЕПСО - Скопје), со допис бр.13-542 од 29 јануари 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО - Скопје за 2025 година, заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-145/1 од 29 јануари 2026 година.

На 09 февруари 2026 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која го разгледа и одобри Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО - Скопје за 2025 година доставен од службеникот за усогласеност, којшто е во прилог на ова решение.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр.12-145/2**
**09 февруари 2026 година**
**Скопје**

**Претседател на**

**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Прилог:

- Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО - Скопје за 2025 година, бр.13-542 од 29 јануари 2026 година.